**641.**

Врз основа на член 158-ѕ точка 1) а во врска со член 134-ѓ од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.27/2002, 79/2007, 88/2008, 67/2010, 44/2011, 188/2013, 43/2014, 112/2014, 153/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 и 198/2018), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување на седница одржана на ден 31.1.2019 година, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ДОБИВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА ВРШЕЊЕ РАБОТИ НА ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ОСИГУРУВАЊЕТО

Член 1

Во Правилникот за потребната документација за добивање дозвола за вршење работи на застапување во осигурувањето („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/2017) во член 2, став (3) точка 10 зборовите: "заедно со мислење од Управата за спречување перење пари по однос на програмата" се бришат.

Во став (4) точка 2, подточка 2.2, зборовите: „годишна даночна пријава" се заменуваат со зборовите: „потврда за остварени приходи издадена од надлежен даночен орган".

По точката 2 се додаваат две нови точки 3 и 4 кои гласат:

"3. Потврда од Централен регистар на Република Македонија или друг јавен регистар дека против лицето нема изречена прекршочна санкција или казна забрана за вршење професија, дејност или должност, во областа на осигурувањето и финансиите;

4. Потврда од казнена евиденција на надлежен суд дека лицето не е осудено со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци, сè додека траат правните последици од пресудата, за кривичните дела против имотот, кривичните дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството, кривичните дела против службената должност, како и кривичните дела фалсификување исправа, посебни случаи на фалсификување исправи, компјутерски фалсификат, употреба на исправа со невистинита содржина и надрисарство од Кривичниот законик;"

Точката 3 која станува точка 5 се менува и гласи:

"5. Изјава на физичкото лице, дека во последните три години не извршувало функција на лице со посебни права и одговорности во друштво за осигурување или друго правно лице во кое била воведена посебна управа или над кое е отворена стечајна или ликвидациона постапка;"

Точката 4 станува точка 6.

Во точката 5 која станува точка 7 зборовите: "и други приноси од казниво дело" се бришат.

Точката 6 станува точка 8, а подточките 6.1, 6.2, 6.3, 6.4 и 6.5 стануваат подточки 8.1, 8.2, 8.3, 8.4 и 8.5.

Точката 7 станува точка 9.

Во ставот (5), по точката 3 се додаваат две нови точки 4 и 5 кои гласат:

"4. Потврда од Централен регистар односно друг јавен регистар дека против правното лице нема изречена прекршочна санкција или казна забрана за вршење дејност во областа на осигурувањето и финансиите;

5. Потврда од Централен регистар односно друг јавен регистар дека на првното лице не му е изречена споредна казна и тоа забрана за добивање дозвола за основање и работа на друштво за осигурување, одземање на дозвола за основање и работа на друштво за осигурување, забрана за основање на нови правни лица и привремена или трајна забрана за вршење на работи на осигурување;"

Точката 4 станува точка 6, а подточките 4.1 и 4.2 стануваат подточки 6.1 и 6.2.

Точката 5 станува точка 7.

Во точката 6 која станува точка 8 зборовите: "и други приноси од казниво дело" се бришат.

Точката 7 станува точка 9 а подточките 7.1, 7.2, 7.3, 7.4, и 7.5 стануваат подточки 9.1, 9.2, 9.3, 9.4 и 9.5.

Точките 8, 9, 10, 11, 12, и 13 стануваат точки 10, 11, 12, 13, 14 и 15.

Во ставот (7) зборовите: "Документацијата од ставот (4) точка 6) подточки 6.3, 6.4 и 6.5, ставот (5) точка 4) подточка 4.1, точка 7) подточки 7.2, 7.4 и 7.5 како и точки 10) и 11) од овој член," се заменуваат со зборовите: "Документацијата од став (4) точка 8) подточки 8.3, 8.4 и 8.5, став (5) точка 6) подточка 6.1, точка 9) подточки 9.2, 9.4 и 9.5 како и точки 12) и 13) од овој член".

По ставот (7) се додава нов став (8) кој гласи:

"(8) Потврдата од ставот (4) точка 4) од овој член, Агенцијата по службена должност ќе ја прибави од надлежен суд (доколку истата не е поднесена од барателот). Доколку лицето е странско лице, должно е самото да ги обезбеди ваквите известувања од надлежните институции во странската земја."

Ставовите (8), (9), (10), (11) и (12) стануваат ставови (9), (10), (11), (12) и (13).

Член 2

Прилогот 1- Образец Б-ДДЗ е заменува со нов Прилог 1 - Образец Б-ДДЗ кој е во прилог на овој правилник и е негов составен дел.

Член 3

Овој правилник влегува во сила на наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 02-139/14 | Совет на експерти |
| 31 јануари 2019 година | Претседател, |
| Скопје | д-р **Климе Попоски**, с.р. |

**ПРИЛОГ 1 – Образец Б-ДДЗ**

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

## БАРАЊЕ[1]
## ЗА ДОБИВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА ВРШЕЊЕ РАБОТИ НА ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ОСИГУРУВАЊЕТО

| | | |
|---|---|---|
| 1. | **Име и презиме, односно назив на лицата кои имаат намера да основаат друштво за застапување во осигурувањето (се наведуваат сите основачи поединечно заедно со податоци за процентот во акции со право на глас во друштвото за застапување во осигурувањето)** | |
| 2. | **Овластено лице за контакт со Агенцијата** | |
| 2.1. | **Телефон на овластеното лице** | |
| 2.2. | **Адреса на електронска пошта на овластеното лице** | |
| 2.3. | **Адреса на овластеното лице** | |

Барам/е од Агенцијата за супервизија на осигурување да ни издаде дозвола за вршење работи на застапување во осигурувањето на ______________________________(предложен назив на друштвото за застапување во осигурувањето во основање) со седиште на ул.______________________________бр.____ во__________________(град).

Кон барањето ја приложувам/е документацијата согласно член 2 став (3) и (4), односно став (3) и (5) од "Правилникот за потребната документација која се доставува кон барањето за добивање дозвола за вршење работи на застапување во осигурувањето" и тоа (се наведува секој документ поединечно)[2]:

1.______________________________

2.______________________________

3.______________________________

4.______________________________

5.______________________________

6.______________________________

7.______________________________

8.______________________________

9.______________________________

---

[1] Се препорачува Барањето да се пополнува електронски. Електронска верзија на Барањето може да се најде на официјалната интернет-страница на Агенцијата за супервизија на осигурување www.aso.mk. Доколку Барањето не се пополнува електронски, задолжително треба да се користи пенкало и да се пишува со големи букви.

[2] Документацијата од од член 2 став (4) точка 8) подточки 8.3, 8.4 и 8.5, став (5) точка 6) подточка 6.1, точка 9) подточки 9.2, 9.4 и 9.5 како и точки 12) и 13) од Правилникот за потребната документација која се доставува кон барањето за добивање дозвола за вршење работи на застапување во осигурување, Агенцијата по службена должност ќе ја прибави од надлежен јавен орган (доколку истата не е поднесена од барателот), за што подносителот на барањето дава изјава со која ја овластува Агенцијата во негово име и за негова сметка да ги користи податоците содржани во овој Образец и до Агенцијата доставува доказ за извршена уплата на сметка на институцијата надлежна за издавање на соодветниот документ во висина утврдена со тарифник пропишан согласно со закон. Потврдата од член 2 став (4) точка 4) од Правилникот за потребната документација која се доставува кон барањето за добивање дозвола за вршење работи на застапување во осигурување, Агенцијата по службена должност ќе ја прибави од надлежен суд (доколку истата не е поднесена од барателот). Доколку лицето е странско лице, должно е самото да ги обезбеди ваквите известувања од надлежните институции во странската земја.

**ИЗЈАВА НА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО**

Со поднесување на ова барање Изјавувам дека податоците и информациите што ги содржи ова барање, како и целата документација која ја доставувам/е кон барањето за издавање дозвола за вршење работи на застапување во осигурувањето, се точни и не содржат фалсификувани податоци и документи а во случај на промена на податоците содржани во ова барање, како и во документацијата доставена во прилог кон ова барање, во рок од 3 работни дена од настанувањето на промената ќе ја известам Агенцијата.

Со поднесување на ова барање се согласувам моите лични податоци содржани во ова барање да се користат во постапка на остварување на правото пред надлежни органи за прибавување на потребни докази и податоци од други институции по службена должност и истите да се користат согласно прописите на Законот за заштита на лични податоци.

**Датум и место на поднесување** | **Потпис на подноситилот на барањето[3]**

**_____.______20____ година,_____________** | **______________________________**

[3] Барањето го потпишуваат физичките лица или овластените застапници на правните лица коишто имаат намера да основаат друштво за застапување во осигурувањето